# Хероите од хеленската митологија

## Вонредно издание

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Кој бил Херакле?

- Херакле бил мешанец помеѓу човек и бог. Тој бил син на богот Ѕевс и на тебанската кралица Алкмена. Се смета за еден од најголемите херои во хеленската митологија.
- Римјаните го нарекувале Херкул. Поради гревот што го сторил со убиството на неговата сопруга и на неговите три сина, заминал во Делфи да се советува со богот Аполон во неговото пророчиште. Аполон му дал ветување дека неговиот грев ќе се измие ако му служи на кралот Евристеј.
- Кралот Евристеј му поставил дванаесет предизвици кои задолжително бил принуден да ги исполни за да конечно се ослободи од погубниот грев.



Херакле во лавовска наметка со тојага во рака

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Дванаесетте подвига на Херакле





Првата и втората задача биле да го убие Немејскиот лав и деветтоглавата Лернајска Хидра.

Третата и четвртата задача биле да ги улови неповредени керинејската Златна кошута и Еримантскиот вепар.





Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# Дванаесетте подвига на Херакле





Петтата задача била да ги исчисти Авгеевите штали, на кралот на Елида, а шестата да ги истреби птиците на Стимфалиското Езеро.

Седмата задача била да го скроти Критскиот бик кој блуел пламен од устата, а осмата да ги грабне четирите кобили човекојадци кои ги чувал тракискиот крал Диомед.





Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Дванаесетте подвига на Херакле





Деветтата задача била да го украде појасот на амазонската кралица Хиполита, а десеттата да го украде стадото на триглавиот џин Герион.

Единаесеттата задача била да украде златни јаболка од градината на Хесперидите и дванаесеттата да го улови Кербера, триглавиот пес на богот Хад.





Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# Кој бил Ајнеј?

- Ајнеј бил славниот син на Анхис и на божицата Афродита.
- Неговиот татко бил припадник на кралското семејство во Троја.
- Ајнеј бил одгледан од нимфите до неговата петта година, а подоцна се оженил со Креуса, ќерката на тројанскиот крал Пријам.
- Како херој кој се борел против Ахајците, при крајот на тројанската војна бил ранет од Ахаецот Диомед, а потоа била ранета и неговата мајка, божицата Афродита, која се појавила среде мегдан да го избави од сигурна смрт.



Ајнеј во тројанска воена облека

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Бегството од Троја

- Откако бил излекуван, ги избавил неговиот син Асканиј и татко му бегајќи преку дарданската порта на Троја. Неговата жена не успеала да се избави од вителот на војната, се загубила по патот.
- Римјаните го сметаат за нивен прататко. Римскиот епски поет Вергилиј ја отпеал неговата слава во епското дело *Ајнеида*.



Ајнеј ја напушта Троја

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Паладиумот во Троја



- Паладиумот бил дрвен идол или познат како *ксоанон* посветен на божицата Атена. Идолот го прикажувал нејзиниот автентичен портрет или, пак, портретот на либиската нимфа Палада.
- Според митското предание, Атена и Палада биле одгледани на подрачјето на езерото Тритонида во Либија. За време на борбени натпревари, Атена ја убила нимфата Палада во несреќен случај.
- Од жал за загубата на блиската пријателка, го изваjала ликот на Палада од дрво, кој подоцна бил заветен во светилиштето во Троја.




Реконструкција на Паладиумот

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Кој го украл Паладиумот?

- Според тогашните уверувања, кралството каде што се чува Паладиумот на божицата Атена ќе трае вечно и никогаш нема да ја загуби славата.
- Откако Троја била опожарена, целта на Ахајците била на само враќањето на спартанската кралица Хелена на Менелај, туку и кражбата на Паладиумот. Тоа би значело окончување на славата на Троја и нејзин неизбежен пад.
- Постојат три верзии за кражбата. Првата претполага дека богот Ѕевс од небото му го фрлил на Ил кога ја основал Троја, а потоа го украле ахајските јунаци Диомед и Одисеј. Втората претполага дека со продирањето во Троја го украл ахајскиот јунак Ајант Помладиот. Во третата, Римјаните тврделе дека херојот Ајнеј успеал да го изнесе од Троја и да го однесе во Италија. Оттогаш се чувал во храмот на Веста.



Тројанската принцеза Касандра цврсто го стиска Паладиумот во прегратка додека Ајант Помладиот ја одвлекува од него.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Кој бил Ахил?

- **Ахил е единствениот син на Пелеј, кралот на Мирмидонците во Фтија, и на нимфата Тетида. Тој имал смртна природа наследена од татко му.**
- **Неговите слава и снага се одликуваат пред ѕидините на Троја, отпеани во епската песна *Илијада* од поетот Хомер.**



Ахил во борба

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Неколку верзии за раѓањето на Ахил

- Постојат две митски преданија кои поинаку раскажуваат за постапката на Тетида кога се родил Ахил.
- Во првото предание Тетида го положила на оган, во второто го потопила во реката Стига, една од петте реки во подземниот свет.
- Според старото предание, Пелеј ја зебележал како го изложува новороденчето на оган и ѝ се извикал. Тогаш го прекршил табуто кое наметнувало мажи смртници да не се обраќаат на нивните сопруги морски нимфи. Од тие причини, Тетида го напуштила во длабочините на морето оставајќи го Ахила ранлив во рацете на татко му.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Воспитанието на Ахил и неговата петица

- Според новото предание, Тетида го однела Ахила во подземниот свет да го искапе во реката Стига. Меѓутоа, заборавила со речната вода да ја искапе неговата петица, така што тој дел од телото му останал ранлив на повреди. Оттаму и фразата *Ахилова петица*, укажувајќи на нечија слаба точка.
- Откако бил воспитан и обучен од мудриот кентаур Хејрон, кој го научил на многу вештини, особено на ловечките, се вратил во дворецот на својот татко Пелеј.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Ахил и Патрокло

- Во дворецот на татко му го презел неговиот втор учител Фојник, а потоа го запознал и неговиот верен пријател Патрокло.
- За време на тројанската војна тројанскиот првенец Хектор го убил Патрокло, за да потоа Ахил му се одмазди од бес влечејќи го неговиот труп во трократна обиколка околу Троја со двоколка. На одарот каде што било положено телото на Патрокло за спалување, Ахил заклал 12 тројански момчиња во знак на одмазда кон Тројанците.
- Кралот Пријам го посетил неговиот шатор да го испросува мртвото тело на првенецот Хектор. Плачот и љубовта кон синот го омекнало срцето на Ахил. Тој се смилувал врз молбите на Пријам и му го предал телото на синот.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Кој бил Персеј?




- Персеј бил син на аргивската принцеза Данаја и на богот Ѕевс. Данаја била затворена во бронзена кула откако нејзиниот татко Акрисиј добил пророштво дека неговиот внук ќе го убие.
- Богот Ѕевс ја возљубил Данаја, ѝ се појавил како златна прашина зачнувајќи ја. Со цел да ја оддалечи од него, татко ѝ ја затворил во дрвен сандак заедно со малиот Персеј и наредил да го пуштат да плови по морето во непознат правец.



Персеј со главата на Горгона Медуса

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# Персеј и Данаја на ос. Серифос

- Сандакот го открил серифскиот рибар Диктиј. Му го донел на кралот Полидект кој Данаја и Персеј ги примил со посебно гостопримство.
- Во преданието за херојот Персеј се раскажува понатаму дека тој бил задолжен од кралот да ја донесе главата на Горгона Медуса, страшно чудовиште чиешто живеалиште било на Далечниот Север, во Хиперборeја, а, пак, некои сметале дека било преку Западниот Океан, а други во Скитија.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND



# Дарувањето на Персеј
# и убивањето на Горгона Медуса



- На патот кон нејзиното пребивалиште, богот Хад му го дал шлемот на невидливост, а подоцна од стигиските нимфи добил крилести сандали и торбичка. Сандалите му служеле за брзо прелетување на непристапни подрачја, а торбичката за прибирање на главата на Медуса.
- Божицата Атена му подарила полиран штит на кој се гледал одразот на ликот отспротива. Целта била да ја отсече главата на Медуса, затоа што ако ја погледне во очи таа првин би го заплашила со нејзиниот грозоморен и застрашувачки лик, а потоа би го скаменила. Богот Хермес го дарил со срп со кој успеал да ја обезглави.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Средба со принцезата Андромеда

- На патот кон дома, јавајќи на крилестиот коњ Пегас ја пресретнал ајтиопската принцеза Андромеда, окована гола на карпа покрај морето. Бидејќи мајка ѝ, кралицата Касиопеја, се пофалила дека била поубава од морските нимфи Нереидите, богот Посејдон решил да го казни кралството на Кефеј. Го испратил чудовиштето Кет да донесе помор. Излезот од божјата одмазда и гневот бил жртвувањето на принцезата Андромеда.
- Дознавајќи ја причината, Персеј решил да ја ослободи. Ја покажал главата на Горгона Медуса и го скаменил чудовиштето, а потоа ја запросил Андромеда. Кралот Кефеј и кралицата Касиопеја, се разбира, го прифатиле бракот помеѓу нив беспоговорно.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Созвездие Персеј



# Соочувањето со кралот Полидект и убиството на Акрисиј

Созвездие Андромеда



- Потоа ја однел Андромеда на ос. Серифос. Кралот Полидект сакал присилно да ја ожени Данаја која се засолнила во храм. Се изненадил кога го видел Персеја жив. Персеј му ја покажал главата на Медуса за да му докаже дека ја совладал. Во тој миг го скаменил Полидекта и останатите во дворецот. Откако се вратил во Арг, каде што управувал неговиот дедо, не го затекнал на престолот. Дедо му Акрисиј заминал во Лариса стравувајќи од кобното пророштво. Персеј ја посетил Лариса за кратко време и учествувал на јавни натпревари. Тогаш се остварило пророштвото. Фрлајќи го дискот го усмртил дедо му неочекувано. Персеј не можел да си го прости убиството. Не сакајќи да владее со Арг, го разменил кралството со Мегапент. Подоцна ја основал Микена чиишто цврсти бедеми ги подигнале киклопите. По смртта, боговите ги овековечиле Персеј и Андромеда како созвездија на ноќното небо.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND